РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ОХРИДСКО ЛЕТО
Бр. 04-488/2
14.07.2025
ОХРИД

РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

НУ ОХРИДСКО ЛЕТО - ОХРИД

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 149/09, 50/10, 52/10 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25 и 74/25), член 3 и член 20-г од Законот за вработените во/ јавниот сектор („Службен весник и на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 27/16 и 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.143/19, 14/20 и 208/24), одредбите од Правилникот за задолжителните елементи на јавниот оглас за пополнување на работно место во јавниот сектор преку вработување и пријавата за вработување, како и формата, содржината и начинот на водење на регистарот на лица кои дале лажни податоци при вработување во јавен сектор („Службен весник на Република Македонија" бр.242/24) и Известувањето од Министерството за финансии на Република Северна Македонија за обезбедени финансиски средства број 19-7403/2 од 09.07.2025 година, Националната Установа „Охридско лето" - Охрид објавува:

## ЈАВЕН ОГЛАС Број 1/2025

I. **Националната Установа „Охридско лето"- Охрид** има потреба од вработување на 1 (едно) помошно - техничко лице на неопределено време за следното работно место:

1. **1 (едно) лице на работно место Одговорен сценски работник, шифра КУЛ 04 01 А02 007 во одделението за сценско-техничка реализација**

**Посебни услови**:

- Степен и вид на образование: Средно стручно образование
- Работно искуство: со или без работно искуство во струката

II. Кандидатите треба да ги исполнуваат **општите услови**:

- да е државјанин на Република Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

III. **Распоред на работното време**: Дневното работно време за огласеното работно место е во траење од 8 (осум) часа дневно (од 08.30 до 16.30) односно 40 часа неделно.

IV. **Паричен нето износ на плата**: 41.979,00 денари

V. Кандидатите за вработување се пријавуваат на јавниот оглас преку пополнување на пријава и приложување на докази за исполнување на условите за работното место. Пријавата за вработувањето може да се подигне од архивата на НУ „Охридско лето"- Охрид или на интернет страната на установата www.ohridskoleto.com.mk.

Кандидатите се должни пријавата да ја пополнат во целост, прецизно и со точни податоци. Кандидатите заедно со пријавата треба да ги достават потребните документи за исполнување на посебните и општите услови:

- Уверение за државјанство;
- Уверение за општа здавствена способност за работното место;
- Потврда/уверение дека со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност;
- Доказ-Диплома/Уверение за завршено образование.

Пријавата со потребната документација кандидатите треба да ја достават до архивата на Националната установа„Охридско лето"-Охрид или по пошта на адреса: ул. Партизанска број 4, Охрид (со назнака за „Јавен оглас број 01/2025").

Право на учество имаат сите граѓани кои ги исполнуваат условите за конкурирање. Кандидатите со пријавата треба да ги достават доказите за исполнување на условите, во оргинална форма или копија заведена на нотар.

Ненавремените пријави и документи нема да се разгледуваат. По истекот на рокот за пријавување огласот ќе биде отстранет од интернет страната на НУ „Охридско лето"-Охрид.

Рокот за доставување на пријавите со потребните документи **изнесува 5 (пет) дена** сметано од наредниот ден од денот на објавување на огласот во дневните весници (не сметајќи го денот на објавување на огласот). Условите наведени во огласот кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Селекцијата и интервјуто на пријавените кандидати ќе ги спроведе надлежна Комисија формирана за спроведување на постапка за вработување. Постапката за селекција на пријавените кандидати се состои од проверка на веродостојноста на доставените податоци и доказите доставени на јавниот оглас. За кандидатите кои успешно ја поминале постапката на веродостојност на докази, ќе се спроведе интервју. За денот,часот и местото на одржување на интервјуто, кандидатите ќе бидат известени електронски или на телефонскиот број кој ќе го наведат во пријавата за вработување.

Изборот на кандидати ќе се изврши во рокот определен во член 23 став 2 од Законот за работните односи.

Одлуката за избор на кандидати ќе биде објавена на веб страната на установата, на огласна табла на установата и на електронската адреса која кандидатот ја има напишано во пријавата за вработување, со што ќе се смета дека е извршена достава.

НУ ОХРИДСКО ЛЕТО Охрид
Директор
М-р. Ѓорѓи Цуцковски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ОХРИДСКО ЛЕТО Охрид